Поштарината е алатена во готово

СМРТ НА ФАШИЗМОТ — СЛОБОДА НА НАРОДОТ

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Народна Република Македонија

Бр. 2 Скопје, четврток, 3 февруари 1949 год. Год. V

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса, "Службен весник на НР Македонија" Пошт. фах 51: Скопје. Ракописите не се враќаат. Телефон на редакцијата и администрацијата 696

Овој број чини 6 динари. Претплатата за една година изнесе 250 дин. за едно полугодие 125 динари. Чековна сметка при Народна банка на ФНРЈ.—Централа за НРМ—Скопје 8.901.812

20

Врз основа чл. 73 т. 7 од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог на Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија го издава следниот

УКАЗ

1. Се разрешува од должноста министер во Владата на НРМ Диме Бојановски.

2. Владата ке го изврши овој Указ.

У. Бр. 1

12 јануари 1949 година, Скопје

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Крсте Црвенковски с. р.

Претседател, Б. Фотев, с. р.

21

Врз основа чл. 79 и 1 од Уставот на Народна Република Македонија а во врска со чл. 5 т. 2 и член 7 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ, Претседателството на Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесува

УКАЗ

ЗА СВИКУВАЊЕ НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА IV ВОНРЕДНО ЗАСЕДАНИЕ

Народното собрание на Народна Република Македонија се свикува на IV вонредно заседание на 25 јануари 1949 година во 9 часот.

У. Бр. 1

Скопје, 18 јануари 1949 година

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Крсте Црвенковски, с. р.

Претседател, Богоја Фотев, с. р.

22

Врз основа на чл. 4 ст. 5 и чл. 7 и 8 од Уредбата за финансиската струка на Владата на Народна Република Македонија а во согласност со Претседателот на Владата на Народна Република Македонија, пропишувам

ПРАВИЛНИК

ЗА ПРИПРАВНИЧКАТА СЛУЖБА, СТРУЧНИТЕ ИСПИТИ И СТРУЧНИТЕ КУРСЕВИ ВО ФИНАНСИСКАТА СТРУКА

ПРИПРАВНИЧКИ СТАЖ

Член 1

Во финансиската струка приправничка служба постои за следните звања:

1. — Помлад касиер;
2. — Помлад книговодител;
3. — Помошен финансиски манипулант;
4. — Помлад кредитен комерцијалист;
5. — Помлад даночник;
6. — Помлад финансиски референт.

Приправничката служба за овие звања трае две години.

Член 2

Приправничката служба за звањата во финансиската струка при републиканската финансиска управа се врши, по правило при Министерството на финансиите на Народна Република Македонија, при народните одбори и при републиканските кредитни претпријатија.

Приправничката служба за звањето помошен даночник мора да се проведе во даночна служба кај народните одбори.

Другите органи на државната управа при кои што има звања од финансиската струка, сами ќе одредат во кои нивни организациони единици може да се врши приправничката служба за звањата од финансиската струка.

Член 3

Секој приправник мора поради запознавање со работите од своето звање да проведе извесно време во вршење на тие работи и тоа по правило:

1) За звањето помлад касиер:

а) со неполна средна школа, исклучително на благајничка работа односно во трезорска служба каде оваа постои;

б) со полна средна школа, потребно време треба да проведе на работи на книговодство, потоа во трезорска служба каде оваа постои, како и на работи на благајна и ликвидатура, фондови, депозити, заеми, сметководство и на извршување на буџетот;

2) За звањето помлад книговодител:

повеќе време на работи на книговодството, а освен тоа и на работи на платен промет, извршување на буџетот, благајна и ликвидатура односно на поентирање на производството, оперативна евиденција и на плански сектор;

3) За звањето помошен финансиски манипулант:

на сите ликвидатурски работи, на работи на извршување на буџетот а делимично и на работи на платен промет, на девизни и кредитни работи;

4) За звањето помлад кредитен комерцијалист:

на работи на извршување на буџетот, сметководство, платен промет, на девизни и кредитни работи како и на работи на фондови, депозити и заеми, на книговодство, благајна и ликвидатура;

5) За звањето помлад даночник:

на сите работи на присобирање приходи од данок и од такси.

6) За звањето помлад финансиски референт:

на буџетски, даночни, кредитни и стопански — ревизионни работи, на книговодство, благајна и ликвидатура;

на работите што се означени кај поедини звања во овој член, приправникот проводи одредено време, по правило, само доколку има такви работи во надлештвото, установата односно претпријатието каде е приправникот запослен.

Член 4

По запознавањето на поедини работи од еден сектор е најрано по еден месец проведен на истите, кога старешината најде дека приправникот покажал достаточно знаење од еден сектор на работи за своето звање, ќе даде свое мнение за стручната работа и знањето на приправникот и за неговата употребливост на тој сектор, на персоналниот ор-

ран и од него ке побара да го упати приправникот на друг вид работи поради понатамошно стручно издигање.

Персоналниот орган ке води за секој приправник картон, поради евиденција на кои работи приправникот провел колку време, со каков успех, по мнението на своите старешини, вршел поедини работи и колку е употребил за истите, како и поради евиденцијата на приправникот да му се даде можност да во срокот предвиден во чл. 5 од овој правилник мине низ сите сектори на работите од своето звање.

Овој картон заедно со мнението на старешината за работата на поедин сектор на работи и се поднесува на испитната комисија пред полагањето на стручниот испит.

СТРУЧНИ ИСПИТИ

А. СТРУЧНИ ИСПИТИ ЗА ПРИПРАВНИЦИ

Член 5

Приправниците од финансиската струка ќе полагаат стручен испит на крај на приправничкиот стаж, а можат и пред тој срок доколку се за испитот подготвени но најрано по истекот на една година и пол проведена во приправничката служба за звањата за кои што се подготвуват.

Член 6

Приправникот може да го повтори испитот два пати, и тоа најрано во наредните испитни срокови по првото полагање.

За полагање испитот на приправникот може органот односно старешината надлежен за негово назначување да му ја продолжи приправничката служба уште најмалку до половина година, и тоа како во случај на повторно полагање на стручниот испит, така и во случај ако за време на приправничката служба имало обективни причини што му пречеле на приправникот за подготвување за стручниот испит.

Член 7

Пријавата за испит кандидатот ја поднесува преку својот непосреден старешина и персоналниот орган до надлежната испитна комисија, и то најдоцна 30 дена пред почетокот на месецот во кој што е испитниот срок.

Персоналниот орган пријавата ќе ја достави на испитната комисија заедно со картонот од чл. 4 последен став од овој правилник и со потврда за времето проведено во приправничката служба на звањето за кое се пријавува кандидатот.

Член 8

Испитите можат да се полагаат во следните срокови: во месец февруари, мај и октомври секој година. По потреба можат да се одредат и други срокови.

Датата на испитот ја одредува испитната комисија спрема бројот на одредените кандидати и за распоредот го известува кандидатот најдоцна 20 дена пред полагањето на испитот.

Член 9

Стручен испит за приправниците се состои од два дела: од општ и од специјален — стручен дел.

Програмата на специјалниот — стручен дел од испитот опфаќа теоретско и практично познавање на материјата кое е потребно за вршење звањето за кое се полага стручен испит.

На специјалниот — стручен дел од испитот може да се додава дополнителен стручен дел према природата на работите на поедини финансиски служби и поедини ресори за што решава Министерот на финансиите на НРМ по предлог на дотичната служба односно ресор.

Испитната комисија ќе го цени значението на поедини предмети за поедини сектори на службата и према тоа ке бара од кандидатот соответна стручна, теоретска и практична спремност.

Член 10

Програмата на општиот дел на стручниот испит за сите почетни звања во финансиската струка ја пропишува Претседателот на Владата на Народна Република Македонија.

Член 11

Специјалниот стручен дел од испитот за поедини звања ги опфаќа следните предмети:

I. — За помлад касиер со неполна средна школа:

1) Основни појмови на двојно книговодство;
2) Организација на платниот промет;
3) стопанска математика (банкарска и трговска сметанка) и
4) стопански прописи што се однесуваат на гранката во која што служи кандидатот.

II. — За помлад касиер со полна средна школа и за помлад книговодител:

1) Двојно книговодство со прописите за еднообразно сметководство во полн обем за гранката во која работи, а за кандидатите од државните кредитни претпријатија и индустриско книговодство;
2) прописи за извршување буџетот во полн обем;
3) основни одредби за данокот на промет на производи и данокот на доход;
4) организација на платниот промет;
5) стопанска математика (банкарска и трговска сметанка);
6) основи на менично и чековно право и
7) стопански прописи што се однесуваат на гранката на стопанството во која служи кандидатот, односно одредби од онаја служба во која кандидатот врши книговодствени работи.

III. — За помошен финансиски манипулант:

1) прописи за буџетот во полн обем со соответните принципи за извршување на буџетот;
2) паричен и кредитен систем на ФНРЈ со основни појмови за кредит, прописи за пари, со девизни прописи и со прописи за кредитниот систем;
3) организација и работење на државните кредитни претпријатија, организација на платниот промет, менично и чековно право;
4) прописи за државните стопански претпријатија;
5) основни појмови на двојно книговодство;
6) основни знања на стопанска математика (банкарска и трговска сметанка);
7) основни појмови за задругите;
8) основни појмови за осигурување; и
9) стопански прописи што се однесуваат на гранката на стопанството во која служи кандидатот.

IV. — за помлад кредитен комерцијалист;

1) буџетски систем со прописите за буџетско планирање;
2) паричен и кредитен систем на ФНРЈ со основни појмови за кредит, со прописите за пари, со девизни прописи и прописите за кредитниот систем;
3) организација и работење на државните кредитни претпријатија, организација на платниот промет, менично и чековно право;
4) прописи за државните стопански претпријатија;
5) стопанска математика (банкарска и трговска сметанка);
6) двојно книговодство;
7) основи на осигурање;
8) прописи за задругите и
9) стопански прописи што се однесуваат на гранката на стопанството во која служи кандидатот.

V. — За помлад даночник:

1) прописи за даноците со сите прописи на Владата на ФНРЈ, Владата на НРМ и сите прописи во врска со оваа материја;
2) прописи за административни и судски такси со соответни поблиски прописи;
3) кредитен систем на ФНРЈ;
4) организација на државните кредитни претпријатија;
5) прописи за државните стопански претпријатија;
6) двојно книговодство со прописите и техниката на контните планови;
7) основи на познавање на стоката и
8) облигационо и наследно право.

VI. — За помлад финансиски референт;

1) политичка економија;
2) стопанско планирање во ФНРЈ и оперативна евиденција;
3) буџетски систем со прописите за буџетско планирање;
4) финансиско планирање на државните стопански претпријатија со прописите за државните стопански претпријатија;
5) паричен и кредитен систем на ФНРЈ со основни појмови за кредит, со прописи за пари, со девизни прописи и со прописи за кредитниот систем;
6) даночен систем со основни прописи за даноците;

7) организација и работење на државните кредитни претпријатија, организација на платниот промет, менично и чек право;

8) основи за осигурање;

9) книговодство;

10) основи на статистика;

11) прописи за задругите; и

12) прописи за царините.

Кога во специјалниот дел на испитот се одредени предмети од општиот дел такви предмети ќе го опфатат материјалот во полн обем.

Член 12

Испитот е по правило писмен и устен. Министерот на финансиите на НРМ ќе одлучи кои предмети ќе се полагаат само писмено односно само усмено.

Кандидатот неможе да го полага усниот испит ако на писмениот испит не положи повеќе од два предмета.

Писмениот испит трае 2—8 часа за што одлучува комисијата. На писмениот испит на кандидатот му е дозволено да ги употреби оние помошни средства што ќе ги одобри испитната комисија.

Член 13

Испитот се полага пред испитна комисија.

За приправниците на работа при Министерството на финансиите на НРМ, при финансиската управа на народните одбори и при републиканските и локалните кредитни претпријатија испитната комисија ја именува Министерот на финансиите.

За приправниците при другите органи на републиканската управа, и по ресорна линија за приправниците при народните одбори, испитната комисија ја именува надлежниот член на Владата на НРМ односно претседателот на комитет или комисија при Владата на НРМ, или Генералниот секретар на Владата на НРМ.

Со решението се одредува претседателот, членови и деловодителот на комисијата. Бројот на членовите на комисијата може да биде 3—5, со тоа да може комисијата да се дополнува со потребен број испитувачи како би биле застапени сите предмети со стручни испитувачи.

Членовите на испитната комисија по правило се службеници на организационата единица во која што се полага испитот, а можат да бидат и стручњаци од други единици или установи (факултети, високи школи, научни установи и слично.)

Член 14

За сето време на полагањето на усниот испит сите членови на комисијата мораат да присуствуваат на испитот.

На испитот деловодителот води записник во кој го записува местото и датата на полагањето, презимиња и имиња и звања на претседателот, членовите и деловодителот на испитот, име и презиме на кандидатот, законски пропис по кој кандидатот го полага стручниот испит и за кое звање, времето проведено во приправничка служба како и извештај за мнението на старешината за кандидатот, писмени задачи и усни прашања и оцени од поедини предмети, како и имиња на поедини испитувачи.

Записник се води и за писмените и за усните испити.

Записникот на испитот го потпишува претседателот, сите членови на комисијата, испитувачите и деловодителот на комисијата.

Записникот на испитот заедно со писмените задачи и другите акти се чуваат во архивата на надлештвото при кое се полага испитот.

Член 15

По завршеното испитување испитната комисија го оценува кандидатот со просечна оцена. Просечната оцена е собир на поедини оцени од секој предмет поделен со бројот на предметите.

Оцената може да биде: слаб (2), добар (3), многу добар (4), и одличен (5).

Член 16

Резултатот од испитот на кандидатот му се саопштува веднаш. Ако го положил испитот испитната комисија му издава сведоџба.

Во сведоџбата ќе се наведе покрај името и презимето на кандидатот, уште и установата во која го провел приправничкиот стаж, колку време во испитот провел во приправничката служба, дата на полагањето на испитот, оценка на испитот и клаузула за кое звање приправникот положил испит. Сведоџбата ја потписуваа претседателот и деловодителот на испитната комисија.

Член 17

По положениот испит приправникот се распоредува во оноа звање за кое има положен стручен испит.

Член 18

Испитните комисии од член 13 од овој правилник се одредуваат и тоа:

1) за звањето помлад финансиски референт и помлад даночник при Министерството на финансиите на НРМ;

2) за звањето помлад касиер, помлад книговодител, помлад финансиски манипулант и помлад кредитен комерцијалист;

а) за приправниците при републиканската финансиска управа, при финансиските управи на народните одбори и при републиканските и локалните кредитни претпријатија, при Министерството на финансиите на НРМ;

б) за приправниците за работа при другите органи на републиканската управа односно при организационите единици кои се подредени на нив, како и по ресорна линија при народните одбори, при другите органи на републиканската управа.

Надлежниот член на Владата, претседателот на комитетот односно комисија при Владата на НРМ или Генералниот секретар на Владата на НРМ што образува испитна комисија за службениците од финансиската странка, е должен за тоа да го извести Министерот на финансиите на НРМ, кој може да одредува свој претставител што влегува во состав на односната комисија.

Член 19

За стекнување на сите звања за кое се полага стручен испит е услов стручна спрема предвидена во чл. 2 колона 3 од Уредба за финансиската струка.

УСЛОВИ ЗА ДОБИВАЊЕ ПОВИСОКИ ЗВАЊА ОД ЧЛ. 5 ОД УРЕДБАТА ЗА ФИНАНСИСКАТА СТРУКА

Член 20

За назначување на повисок кредитен комерцијалист и повисок финансиски ревизор за звањето финансиски советник и виши финансиски советник (ст. 2 чл. 5 од Уредбата за финансиската струка) потребно е службеникот да обработи едно прашање од проблематиката на неговата потесна специјалност давајќи му потребно теориско образложение и таа работа да ја оцени стручна комисија, што ја сочинуваат стручњаци и персоналниот орган.

Член 21

За назначување во звање за виши книговодител, виши кредитен комерцијалист, виши финансиски ревизор, виши даночник, и виши финансиски референт, потребна е оцена од стручна комисија за успехот во звањето во кое што се наоѓа службеникот.

СТРУЧНИ КУРСЕВИ ЗА ДОБИВАЊЕ ЗВАЊА ВО ФИНАНСИСКАТА СТРУКА

Член 22

Со цел за стекнување стручна подготовка во едно звање како и поради исполнување условите за добивање поедини звања, во финансиската струка можат да се образуваат курсеви со среден и повисок ранг и тоа:

1) Курс за помлади книговодители и касиери:

на овој курс можат да се примаат службеници од финансиската струка во звањата со полна средна школа, финансиски манипуланти со најмалку 3—4 год. пракса, проведени во тоа звање, помлади касиери со неполна средна школа и најмалку 3—4 години пракса, бројачи со завршена основна школа и најмалку 3—6 години пракса, и лица со завршена неполна средна школа.

2) Курс за виши книговодители:

На овој курс можат да се примаат, книговодители со најмалку дте години пракса во тоа звање.

3) Курс за помлади кредитни комерцијалисти:

На овој курс можат да се примаат: лица со завршена полна средна школа, финансиски манипуланти со најмалку 3—4 години пракса во тоа звање, помлади касиери со полна средна школа и помлади касиери со неполна средна школа и најмалку 3—4 год. пракса во тоа звање.

4) Курс за помлади ревизори:

На овој курс можат да се примаат: помлади книговодители, помлади касиери, помлади кредитни комерцијалисти, помлади даночници, сите со пракса од најмалку 3 години.

5) Курс за помлади даночници:

На овој курс можат да се примаат: службеници на финансиската струка во звањата во кое што се бара полна средна школска подготовка, потоа помошни финансиски манипуанти и помлади касиери со непотполна средна школа со најмалку 3—4 години пракса во тоа звање и најпосле лица со завршена полна средна школа.

6) Курс за помлади финансиски референти:

На овој курс можат да се примаат лица со завршен правен или економски факултет а освен овие уште и помлади касиери, помлади книговодители, помлади кредитни комерцијалисти, помлади финансиски ревизори, помлади даночници, — сите со полна средна школа и со 3—4 години пракса во овоа или во повисоко звање на финансиската струка.

За сите курсеви освен за курсот за виши книговодители службениците што немаат завршена полна средна школа ќе полагаат пред испитната комисија испит од предметите од општото образование за кои што наставен план и програм прописува Претседателот на Владата на Народна Република Македонија.

Курсови за помлади финансиски референт се од повисок, а другите звања од среден ранг.

Член 23

За потреба на отворање поедини курсеви од предходниот член како и за спојувањето на два или повеќе курса заедно, должината на траење на секој поединиот курс пресоку минимумот од чл. 24 на овој правилник, за условите за прием слушатели, број на слушателите и за другите услови што се од значение ќе решаваат со решение:

1) Министерот на финансиите на НРМ за сите курсеви при Министерството на финансиите на НРМ и

2) надлежниот член од Владата, Претседателот на комитет односно комисија на Владата на НРМ и Генералниот секретар на Владата на НРМ за сите курсеви кај другите органи од републиканската управа за кое што ќе се укаже потреба.

Член 24

Курсевите од чл. 22 од овој правилник мораат да траат и тоа:

1) курс за помлади книговодители и касиери најмалку 4 месеци;

2) курс за виши книговодители најмалку 8 месеци;

3) курс за помлади кредитни комерцијалисти најмалку 4 месеци;

4) курс за помлади ревизори најмалку 6 месеци;

5) курс за помлади даночници најмалку 4 месеци;

6 курс за помлади финансиски референти најмалку 10 месеци.

Курсевите од чл. 22 од овој правилник ќе се состоат од теориска и практична обука.

Теориска обука ќе се врши по наставниот план.

Планот за стручните предмети на теоретска настава на секој од курсевите од чл. 22 се состои од:

а. — општ дел; и

б. — специјален стручен дел.

Планот и програма на општиот дел за сите курсеви на финансиската струка го пропишува Претседателот на Владата на Народна Република Македонија, а планот и програма на специјалниот стручен дел Министерот на финансиите на НРМ. На стручниот дел може да се додаде дополнителен стручен дел спрема природата на службата во поедините ресори за што решава Министерот на финансиите на НРМ по предлог на дотичниот ресор.

Член 25

Наставници на курсевите во Министерството на финансиите одредува Министерот на финансиите на НРМ од кругот на службенци од републиканската финансиска управа и од други стручњаци.

Ако се одржуваат курсеви вон од републиканската финансиска управа, наставници ќе одредува член на Владата на НРМ, Претседателот на комитет односно комисија на Владата на НРМ и Генералниот секретар на Владата на НРМ со обзир на тоа каде спага организационата единица при која што се одржува курсот.

Член 26

На крајот на курсот кандидатите полагаат испит.

По правило испитот е писмен и устен. Со планот и програмата ќе се одреди кои предмети ќе се полагаат само писмено односно само усно.

За предметите каде е испитот писмен и устен кандидатот може да полага усмен испит само во случај кога писмениот испит го положил со успех.

Писмениот испит трае 2—6 часа за што решава комисија. На писмениот испит, на кандидатот му е дозволена употреба на помошни средства што ќе ги одреди испитната комисија

Член 27

За полагање на испит можат да се јават само оние курсисти кои што во текот на курсот се оценувани и покажале задоволителен успех.

Член 28

Министерот на финансиите на НРМ односно органите од точка 2 од чл. 23 од овој правилник секоја година со решение ќе именуваат испитна комисија за курсеви.

Испитната комисија се состои од 3 члена и секретар а по потреба може да се зголеми со потребен број на испитувачи како би биле застапени сите предмети со стручни испитувачи.

За сето време на полагањето на усниот испит членовите на комисијата мораат да бидат на испитот присутни.

На испитот секретарот води записник во кои запишува место и дата на полагањето на испитот, презимиња и имиња и звање на претседателот на членовите на испитната комисија и на секретарот, име и презиме на кандидатот, назив на курсот од кој што кандидатот полага испит, име на испитувачот од секој предмет и оцена на испитувачот како и прашањата по поедини предмети. Записникот на испитот го потпишуваат сите членови на комисијата испитувачите и секретарот.

Записникот на испитот заедно со писмените задачи и со другите акти се чува во архивата на надлештвото при кое што се одржува курсот.

Член 29

По завршеното испитување испитната комисија го оценува кандидатот со просечна оцена.

Просечната оцена е собир на оцените од сите предмети. Кандидатот што ќе биде оценет повеќе од два предмета со оцена "слаб" се смета дека има просечна оцена "слаб".

Оцената може да биде: слаб (2), добар (3), многу добар (4), и одличен (5).

Член 30

Резултатот на испитот му се соопштува на кандидатот веднаш. Ако го положил испитот му се издава од испитната комисија сведопба.

Во сведоцбата ќе се наведе покрај името и презимето на кандидатот уште и точен назив на курсот и неговото траење, дата на полагањето на испитот, оцена на испитот и клаузула за стручноста на кандидатот и за кое звање. Сведопбата ја потписуваат претседателот и секретарот на испинатa комисија.

Член 31

Успешно завршени курсеви од чл. 22 даваат стручни подготовки за вршење звање за кое се полагале, а предимство за назначување во финансиската струка на лицата што не се во таа струка.

Член 32

Кандидатот што завршниот испит на еден курс го положил со успех и положува и друг испит од некои од курсевите од финансиската струка може испитната комисија да го ослободи од полагањето на испитот од оние предмети што на поранешниот курс со успех го положил.

Одредбата од предниот став ќе се примени и на свршените слушатели на Вишиот финансиски курс при Министерството на финансиите на ФНРЈ и на финансискиот курс при Министерството на финансиите на НРМ.

Член 33

Трошковите за одржување на секој курс ги поднесува по правило она организациона единица односно установа во која што се одржува курсот. Во случај ако е курсот скопчен со големи издатоци или ако го слушаат слушатели од неколку установи, надлештва односно претпријатија тогаш сите можат да учествуваат во поднесувањето на издатоците заеднички спрема бројот на учениците на курсот.

Надзор и евиденција над одржување на сите курсеви во финансиска струка ќе води персоналниот орган во Министерството на финансиите на НРМ.

Поради обединувањето на евиденцијата органите од чл. 23 точ. 2 должни се пред отворањето на курсот да го известат персоналниот орган на Министерството на финансиите на НРМ.

ВРЕМЕНИ КУРСЕВИ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ

Член 34

Спрема потреба можат да се установуваат времени стручни курсеви поради стручно усовршување на службениците од поедини звања на финансиската струка кое е потребно за вршење на тоа звање.

Планот на работењето, програмата и организацијата на вакви времени стручни курсеви ќе одредува за секој курс одделно со свое решение органот од она организациона единица при која што се одржува курсот.

Успешно завошени вакви курсеви не даваат право на стекнување звање во финансиската струка но се земаат во оглед за добивање повисоки звања.

ПРЕМИН ОД ДРУГА СТРУКА ВО ФИНАНСИСКА СТРУКА

А. — ПРИПРАВНИЦИ

Член 35

При премин од друга струка во финансиска стоука потребно е приправникот да има стручна односно школска подготовка прописана за соответното звање во финансиската струка и на крајот на одреденот срок да го положи стручниот испит.

На приправникот може да му се признаа поранешно изврша ната приправничка служба. Во тој случај должината на стажот ќе се одреди спрема сродноста на работите од поранешната струка со финансиската струка како и спрема подготвеноста на приправникот за полагање на испитот, со тоа вкупната приправничка служба да не може да биде покуса од две третини на приправничката служба од финансиската струка.

По правило приправникот по извршениот премин нема да ги полага оние предмети што ги положил на поранешниот стручен испит.

Член 36

На приправникот што го положил стручниот испит пред престанок на службата, ќе му се признаат положените испити при враќањето во служба ако прекинот не бил подолг од 5 години.

Член 37

Приправникот може да се обврзе да го слуша и да го заврши курсот во финансиската струка предвиден во чл. 22 од овој правилник за звањето за кое што се подготвува.

Б. — СЛУЖБЕНИЦИ

Член 38

Преминот од друга струка во финансиска струка се дозволува ако службеникот што преминува има стручна подготовка предвидена за соответното звање на финансиска струка и на крајот на одреденот срок да го положи стручниот испит предвиден за почетното звање во кое што преминува. Срокот за полагање на овој испит не може да биде покус од 3 месеци нити подолг од 1 година. По положениот стручен испит службеникот се назначува на одреденото звање. До назначувањето на ново звање службеникот ја задржува платата од дотогашното звање.

Службеникот по правило во финансиската струка нема да ги полага оние предмети што ги положил во поранешната струка.

Ако при преминот од друга струка во финансиска струка службеникот добие некое повисоко звање за кое што не е прописан стручен испит ќе го полага стручниот испит предвиден за почетното звање од одредената група звања.

Член 39

Стручниот испит при преминот од друга струка во финансиска струка нема да ги полагаат службениците што доаѓаат на раководни службеници, иако и службениците што преминуваат поради варочни способности и потреба на службата.

Исто така, од стажот и полагањето на испитот можат да се ослободат службеници кои што по оцени на стручна комисија имаат докажана подготовка и пракса за вршење работите на одреденото звање.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 40

Преведените приправници мораат да го полагаат стручниот испит по одредбите од овој правилник.

Ако на приправникот му истекнал срокот на приправничката служба или до истекот на тој срок не останало достаточно време за подготвување на стручниот испит, старешината односно органот надлежен за назначување ќе ја продолжи во тој случај приправничката служба поради полагањето на стручниот испит за онолку колку што е потребно за подготвување на испитот, но најповеќе за 6 месеци.

Член 41

Службеникот што не положи испит или испитот што го положил не му одговара на испитот пропишан за звањето на кое што е предвиден, должен е стручниот испит односно дополнението на овој испит да го положи во срок од година дена од влегувањето во сила на овој правилник.

Член 42

По оцена на стручната комисија од полагањето на стручниот испит од претходниот член можат да се ослободат раководните службеници како и службениците што имаат потребна стручна пракса и способност за вршење работите од одреденото звање односно функција.

Член 43

Постоечките специјални стручни курсеви ќе се сообразат кон одредбите за стручните курсеви од овој правилник.

За постоечките курсеви што имаат општ карактер односот спрема курсевите од овој правилник ќе биде регулиран со одделни прописи.

Член 44

Во секој конкретен случај комисијата ќе реши на кој стручен испит од овој правилник одговара порано положениот испит.

Член 45

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 10997, 16-IX-1948 год., Скопје.

Министер на финансиите,
Л. Цамбаз, с. р.

Согласен:
Претседател на Владата на НРМ,
Л. Колишевски, с. р.

23

Со цел да се уреди прашањето на накнадите на патните и дневните трошкови на просветните инструктори и просветните референти на околиските односно градските (реонските) народни одбори, врз основа чл. 31 точ. 3 во врска со чл. 42 став III од Уредбата за принадлежностите на вработените службеници на Народна Република Македонија, а во согласност со Министерот за финансии и по одобрение на Претседателот на Владата, го пропишувам следниот

ПРАВИЛНИК

ЗА ПРЕМИСКИОТ ДОДАТОК НА ПРОСВЕТНИТЕ ИНСТРУКТОРИ И ПРОСВЕТНИТЕ РЕФЕРЕНТИ НА ОКЛИСКИТЕ ОДНОСНО ГРАДСКИТЕ (РЕОНСКИТЕ) НАРОДНИ ОДБОРИ

Член 1

На просветните инструктори и на просветните референти на околиските односно градските (реонските) народни одбори, покрај редовните принадлежности со додатоците, им следува и премиски додаток (паушал) како накнада за пишната теренска работа при редовните обиколки и прегледи на работата на училиштата и разните курсеви од културно-просветен карактер, во продолжение на овој правилник.

Член 2

Висината на премискиот додаток на просветните инструктори и просветните референти на околиските народни одбори се определува спрема теренските прилики и комуникациите во околните, па поради тоа околиите се распределуваат во две категории и тоа:

а) прва категорија: криволаганечка, кумановска, кратовска, царевоселска, кавадарска, титоввелешка, прилепска, битолска, бровска, кичевска, гостиварска, дебарска, охридска, скопска, радовишка и демир-хисарска.

б) втора категорија: светиниколска, кочанска, штипска, беровска, струмишка, февралиска, тетовска, струшка, ресенска, горче-петровска и крушовска.

Член 3

Висината на премискиот додаток на просветните инструктори на градските (реонските) народни одбори се определува спрема бројот на одделенијата на училиштата а премискиот додаток на просветните референти на градските (реонските) народни одбори е еднаков за сите градови.

Член 4

На просветните инструктори и просветните референти во околиите од I категорија им следува премиски додаток во висина од (1200) илјада и двеста динари месечно;

На просветните инструктори и просветните референти во околиите од II категорија им следува премиски додаток во висина од 1000 — илјада динари месечно;

На просветните инструктори при градските (реонските) народни одбори им следува месечно следниот премиски додаток: во градовите одделно реоните со вкупно до 20 одделенија во сите училишта 400 — четири стотини динари, а со преку 20 одделенија 500 — пет стотини динари.

На просветните референти на градските (реонските) народни одбори им следува премиски додаток во висина од 400 — четири стотини динари

Член 5

Премискиот додаток од точка 1. на овој правилник се исплатува однапред секој први во месецот заедно со редовните месечни принадлежности.

Член 6

Исплаќањето на премискиот додаток по овој правилник почнува од 1. октомври 1948 година.

Член 7

Овој правилник влегува во сила од денот на објавувањето му во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 14740, 29 декември 1948 год. Скопје.

Министер за просвета,
Д. Мире, с. р.

Согласен
Министер за финансии,
Д. Џамбаз, с. р.

Одобрувам.
Претседател на Владата,
Лазар Колишевски, с. р.

24

Со цел да се правилно изведе завршниот испит во нижата стручна школа за механизација на земјоделието во Свети Николе во учебната 1947/48 година, во согласие со Министерот на трудот, го пропишувам следниот

ВРЕМЕНЕН ПРАВИЛНИК

ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ ВО НИЖАТА СТРУЧНА ШКОЛА ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО ВО СВ. НИКОЛЕ, ВО УЧЕБНАТА 1947/48 ГОДИНА

Член 1

Завршниот испит во нижата стручна школа за механизација на земјоделието во Свети Николе, во учебната 1947/48 година ќе се полага по прописите на овој Правилник.

Член 2

Целта на завршниот испит е да кандидатите покажат дека имаат солидно стручно и општо образование, и дека придобиле потребните теоретски и практични познанија, со кои што ќе можат успешно да се посветат како квалификувани трактористи за работа во социјалистичкиот сектор на земјоделието.

Член 3

Завршниот испит ќе го полагаат сите ученици од нижата стручна школа за механизација на земјоделието.

Член 4

Учениците полагаат завршни испит во оноа школо каде се учеле. Поправителниот испит се полага во истото школо во кое што кандидатите полагале, а не го завршиле завршниот испит.

Член 5

Ученикот кој што е спречен поради тешка болест или некои други причини да се јави на испит, должен е за тоа да го извести директорот за еден ден пред испитот или на самиот ден на испитот и за тоа да даде докази. Испитната комисија ќе реши да ли се разлозите оправдани или не и според тоа ќе донесе решение да ли да го полага ученикот дополнително тој испит во друг срок.

Член 6

Завршниот испит се полага:

а) во декемвриски срок 10—15 дена по свршување на наставата, или кога ќе определи Министерот за земјоделието;

б) во февруарски срок.

Член 7

Во декемвриски испитен срок полагат сите ученици.

во февруарски срок полагат оние ученици што имаат поправителен испит и на оние на кои е одложено полагањето поради болест.

Член 8

Распредот на испитот го прави Дирекцијата на школото и за испитот известува Министерот за земјоделието.

Член 9

Завршниот испит се полага пред испитната комисија во која што влегуваат директорот како претседателот и преподавателите што ги предавале предметите по кои што ќе се полага завршниот испит. На членовите на испитната комисија се одречуваат заменици од другите преподаватели. Во испитната комисија заедно со претседателот не смеат да бидат помалку од три члена.

На испитот може да присуствува и претседава претставник од Министерот за земјоделие. На устниот дел на завршниот испит може да се поканат претставителите на државната власт, на масовните организации, земјоделските институции и друго.

Член 10

Завршниот испит се состои од писмен и устен испит. Устниот испит бива теориски и практични.

Член 11

Писмениот испит се полага од овие предмети по следниот ред:

а) македонски јазик

б) Математика

в) Организацијата на машинската служба.

Член 12

Изработката на писмените задачи трае 2 саата и се работи секогаш пред пладне.

Член 13

За писмените задачи предметниот наставник ќе предложи 5 разни теми, а испитната комисија преди да почне полагањето ќе избере една од предложените. Избраната тема ќе ја работат сите ученици истовремено.

Член 14

Од секој предмет не смее да се определи за писмена задача таква која што е порано работена во текот на учебната година.

Член 15

Писмената работа ќе ја прегледа и со образложение ќе ја оцени предметниот наставник а после него ќе ја прегледат и оценат и други два члена на испитната комисија, што ќе ги одреди претседателот на комисијата. При оние писмени работи каде оценката на одделните членови, не се слагаат со нивната оценка се дава од комисијата во полем состав.

Член 16

На устниот дел на завршниот испит ќе се полагаат овие предмети:

а) Македонски јазик

б) Математика

в) Национална историја со Устав на ФНРЈ

г) Познавање на трактор и земјоделски машини

д) Земјоделие

ѓ) Организација на машинската служба.

Член 17

Устниот испит е за секој предмет засебен и во еден ден ученикот може да полага само еден предмет. Оценката за устниот испит се изведува одделно за секој предмет, а ако испитот има и писмен дел се изведува веднага општо оценка.

Член 18

На устниот испит учениците се прашаат од различни делови на миналиот материјал, така да се види нивната подготвеност.

Предметниот преподавател ќе ги состави прашањата за устниот испит од целата програма предвидени за даденото школо. Овија прашања од како ќе бидат прегледани и одобрени од испитната комисија ги распределува предметниот преподавател на ливчиња. Сите ливчиња мораат да бидат од иста хартија со еднаква големина без никакви знакови или валканици на неисписаната страна и со 3 прашања.

Бројот на тие ливчиња треба да биде за 10 повеќе од бројот на кандидатите во една паралелка.

На испитот секој кандидат зима по едно ливче.

Пред секоја група кандидати се изнесуваат сите неизвлечени ливчиња. Ливчињата што се веднаш излечени и на чии што прашања кандидатите одговориле не се земаат во предвид.

Ако кандидатот најмногу за 5 минути по извличање на ливчето изјави дека не е во состојание да одговори на прашањата ќе му се допушти да земе друго ливче. Првото ливче извлечено се враќа меѓу другите неизвлечени.

Повторното извлеченото ливче ќе се има во предвид при оценувањето на кандидатот.

Член 19

Практичниот испит ќе се полага по предмети под г) и д) од член 16 на овој правилник. На кандидатите им се остава слободно време за подготовка на практичните изведувања на работата. Оценките од практичниот испит се слагат одделно

Член 20

Започнатиот завршни испит не може да се прекинува и одложува.

Член 21

а) Ако ученикот на писмениот дел на испитот во декемвриски срок добијат слаба оценка по три предмета и се одбива да испитот ќе го повтори во другиот срок во февруари, Со покажан слаб успех по два предмета се допушта на устниот испит. Покажаниот слаб успех ќе се има во предвид при давање на општа оценка. Во никој случај оценките да не се збираат аритметички, но се остава на испитната комисија да го оцени кандидатот општо.

б) Ако ученикот на устниот дел на испитот добие слаба оценка од три и повеќе предмета, се одбива да го повтори целиот испит во февруарскиот срок.

в) Ако ученикот на испитот добие слаба оценка до два предмета се одбива и ќе го повтори полагањето по тие предмети во февруарскиот срок устно и писмено, ако е од предметите кои што се полагаа писмено.

г) При испитите во февруарскиот срок во случаите на ведени во точка а), б) и в) од овој член се одбиваат и ќе го повторат полагањето заедно со учениците од учебната 1948/49 година. Од оваа се исклучуваат само оние ученици што поради болест или други оправдани причини го одложиле полагањето Такви ученици ако добијат слаба оценка до два предмета (точка в) од овој член) ќе полагаат поправителен испит еден месец подоцна. Ако и тогаш не го положат испитот, се одбива и ќе полага заедно со учениците во учебната 1948/49 година.

Член 22

Оценката за секој предмет што се полага на завршниот испит, ја дава испитната комисија на предлог на предметниот преподавател и годишната оценка. При еднаква поделба на гласовите се зема мнението на онаа страна за која што гласал претседателот на испитната комисија. На таков начин се утврдува и општата оценка од оние предмети од кои што се полага писмен и устен испит.

Оценките се исти и за редовните ученици во нижите стручни училишта.

Член 23

На завршниот испит се води записник во книгата за испитни записници, во кои што се особено запишуваат: имињата на учениците, темите од писмените испити, времето траењето на испитот и оценките што се добиени на испитот. Оценките се пишуваат со букви и бројки.

Записникот за секој испит и конечното решение го потпишуваат сите членови на испитната комисија, а пратеникот на Министерот за земјоделие го прегледува и со свој потпис ги оверува сите записници.

Член 24

На положилите завршни испит кандидати ќе им се издава свидетелство за завршениот завршни испит. Образец за свидетелство ќе пропише Министерот за земјоделие.

Член 25

Против решението на испитната комисија има право на жалба до Министерот за земјоделие одделните членови и ученици во рок од 14 дена по завршување на испитот. Жалба ученици во рок од 14 дена по завршување на испитот. Жалба заедно со извештајот ќе ги испрати до Министерството за земјоделие за решавање.

Член 26

Директорот на школото ќе испрати до Министерството за земјоделие најдоцна за 14 дена после завршувањето на испитот извештај за темите, токот на испитот и крајниот сумарен резултат по успехот.

Член 27

Овој правилник влегува во сила од денот на неговото објавување во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Министер за земјоделие,
В. Бурзевски, с. р.

Согласен
Министерот на трудот,
Б. Кузмановски, с. р.

25

Со цел да се даде потстрек на студентската младина за темелно изучување на македонскиот јазик, а одбележувајќи ја 45-годишнината од излегувањето на книгата "За македонските работи" од Крсте П. Мисирков, Владата на Народна Република Македонија го донесува следното

РЕШЕНИЕ

за установување три стипендии "Крсте Мисирков" за студентите по македонски јазик на Филозофскиот факултет

1.

Се установуваат три стипендии "Крсте Мисирков" по 3.000 — три илјади динари секоја година за студенти по македонски јазик на Филозофскиот факултет.

Стипендиите "Крсте Мисирков" ќе се доделуваат на студентите во македонски јазик на Скопскиот филозофски факултет, а врз основа воочениот успех во студиите и проявената оданост кон придобивките од ослободителната борба на нашиот народ.

2.

Стипендиите "Крсте Мисирков" ги доделува за една школска година Претседателството на Владата на Н. Р. Македонија, по предлог на Министерот за просвета, во почетокот на секоја учебна година.

Во случај да некој студент што ја ползува стипендијата "Крсте Мисирков" во текот на школската година престане ди ги исполнува условите наведени во точка 1, Претседателството на Владата на Н. Р. Македонија, по предлог на Министерот за просвета, може да му ја укине стипендијата и да ја додели на друг студент.

3.

Стипендиите по ова решение ќе се доделуваат и исплаќаат од 1 јануари 1949 година.

Бр. 401, 15 јануари 1949 год. Скопје.

Претседател на Владата,
Л. Колишевски, с. р.

Министер за просвета,
Д. Мире, с. р.

Врз основа чл. 6 од Уредбата за елементите на цената на чинењето, акумулацијата, фондот на раководството и централниот фонд на државните индустриски производителни претпријатија од локално значение ("Службен лист на ФНРЈ" бр. 106/48 г.) согласно општите напатствија на Министерот на финансиите на ФНРЈ од 20 XI 1948 година, а во согласност со Претседателот на Планската комисија на НРМ и Министерот за комунални работи на НРМ, донесувам

РЕШЕНИЕ

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АМОРТИЗАЦИОНИТЕ СТОПИ НА ДРЖАВНИТЕ ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕНИЕ:

1) Амортизационите стопи за одделни стопански гранки в категории претпријатија изнесуват:

а) за прозводството и расподела на електрична енергија 8%.

б) за индустријата на метали и производство на метали 5%.

в) за индустријата на градежни материјали и тоа за претпријатија од I категорија 6%.

аа претпријатија од II категорија 4%.

г) за дрвната индустрија 4%.

д) за текстилната индустрија и тоа:

За претпријатија од I категорија 4%.

За претпријатија од II категорија 3%.

ѓ) за индустријата на кожи и кондури 4%.

е) за прехранбената индустрија 4%.

ж) за графичката индустрија 8%.

2) Амортизационите износи се распределуват и тоа:

	Општодржавен аморт. фонд	Амортизац. фонд на прет.
а) за производство и расподелба на електрична енергија	70%	30%
б) за индустријата на метали и преработка на метали	75%	25%
а) за индустријата на градежни материјали и тоа:		
аа претпријатија од I категорија	75%	25%
за претпријатија од II категорија	80%	20%
г) за дрвната индустрија	75%	25%
д) за текстилната индустрија и тоа:		
за претпријатија од I категорија	70%	30%
за претпр. од II категорија	75%	25%
ѓ) за индустријата за кожи и кондури	80%	20%
е) за прехранбената индустрија	75%	25%
ж) за графичката индустрија	80%	20%

3) Кои претпријатија ќе се сметат за претпријатија од I и II категорија одлучуваат надлежните извршни одбори на народните одбори во согласност со Министерството на комуналните работи во смисол на чл. 1 став 2 од Уредбата за елементите на цената на чинењето, акумулацијата, фондот на раководството и централниот фонд на државните индустриски производителни претпријатија од локално значење.

4) Ова решение влегува во сила со објавувањето во "Службен весник на Народна Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1949 година.

Бр. 411, 7 јануари 1949 година, Скопје.

Министерот на финансиите,
Д. Џамбаз, с. р.

Согласни;
Претседател на Планската комисија,
Страхил Гигов, с. р.

Министер на комунални работи,
Инж. Кирил Георгиев с. р.

Содржина

Рег. бр. Стр.

20 Указ на Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија за разрешување од должност министер во Владата на НРМ — Диме Бојановски — — — — — — — — — — — — 17

21 Указ на Претседателството на Президиумот на Народното собрание на НРМ за свикување Народното собрание на НРМ на IV вонредно заседание на 25 јануари 1949 г. — — — — — — — — — — — 17

22 Правилник за приправничка служба, стручни испити и стручни курсеви во финансиската струка — — 17

23 Правилник за премиски додаток на просветните инструктори и просветните референти на околски односно градските (реонските) народни одбори — — 21

24 Времени правилник за полагање на завршен испит во Нижата стручна школа за механизација на земјоделието во Св. Николе во учебната 1948/49 г. — — 22

25 Решение за установување стипендии "Крсте Мисирков" за студенти по македонски јазик на Филозофскиот факултет во Скопје — — — — — — 23

26 Решение за утврдување на амортизационите стопи на државните индустриски производителни претпријатија од локално значение — — — — — — 24

Издава и редактира: „Службен весник на Народна Република Македонија" — новинско издателско претпријатие — ул. Маршал Тито бр. 10 — Пошт. фах 51. Телефон на редакцијата и администрацијата 696. Директор и одговорен уредник Љубомир Б. Исаиев, — Печат: Печатница „Гоце Делчев", Скопје